(Образец ПП......)

**До: Институт на овластени ревизори на Република Македонија**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **Н / П.**

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

***Годишни извештаи од извршените контроли на квалитетот од 2009 до 2021 година, јавно достапни.***

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

а) увид
б) препис
**в) фотокопија**
г) електронски запис
д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта
**б) телефон**
в) факс
г) е-маил
**д) друго (или лично на рака)**

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во [redacted] 07.06.2021 година.**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Врз основа на член 19 од Законот за ревизија, член 5 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Одлуката на Управниот одбор на ИОРРМ за определување на раководно службено лице за посредување со информации од јавен карактер (бр. 0202-320/08 од ден 24.09.2020), член 24 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015) и член 3, член 8 и член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), во врска со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од подносител [redacted] од [redacted] раководното службено лице на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (во натамошниот текст ИОРРМ), на ден 17.06.2021 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**За делумно прифаќање на барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со архивски број 0302-223/01 од 09.06.2021 година од подносител [redacted] **ДЕЛУМНО СЕ ПРИФАЌА.**

   Барањето во однос на Годишниот извештај од извршените контроли на квалитет за 2019/2020 година и Годишниот извештај од извршените контроли на квалитет за 2020/2021 година, **СЕ ОДБИВА.**
2. За горенаведеното Барање да се достави одговор на барателот на информацијата од јавен карактер.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

***Образложение***

На ден 09.06.2021 година, во ИОРРМ пристигна барање од барателот на информации [redacted] од [redacted] со кое бара информација од јавен карактер: Годишни извештаи од извршените контроли на квалитетот од 2009 до 2021 година, јавно достапни.

По барањето постапуваше раководното службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Татјана Тодоровска и одлучи како во диспозитивот на ова решение од следните причини:

Бараните информации Годишен извештај од извршените контроли за 2019/2020 година и Годишен извештај од извршените контроли за 2020/2021 година сè уште не се донесени од страна на ИОРРМ.

**Правна поука:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

[redacted] [redacted]

Татјана Тодоровска

Генерален секретар на ИОРРМ

Доставено до:

- Подносителот
- Архива ИОРРМ

[redacted]

[redacted] [redacted]